Гласен Текстилец

glasentekstilec@gmail.com
www.glasentekstilec.mk

Glasen Tekstilec

info@glasentekstilec.mk
www.glasentekstilec.mk

**17.09.2026 | Штип**

## ПОВИК ЗА ПРИБИРАЊЕ ПОНУДИ
## ЗА ИЗРАБОТКА И ПЕЧАТ НА ПРОМОТИВНИ МАТЕРИЈАЛИ

Здружението за заштита на работничките права „Гласен Текстилец“ – Штип, за потребите на своите програмски и проектни активности, објавува Повик за прибирање понуди за изработка и печат на промотивни материјали.

Понудата треба да содржи единечна цена со ДДВ и вкупна цена со ДДВ за секој од наведените артикли.

Доколку природата на производот го дозволува тоа, препорачливо, но незадолжително е понудените материјали да бидат изработени од рециклирани, рециклабилни и/или биоразградливи материјали.

**Потребни материјали:**

| **Материјал** | **Количина** |
|---|---|
| Постер | 200 |
| Флаер | 100 |
| Фрешери | 200 |
| Торбички | 100/120 |
| Стикери (кружни/правоаголни) | 170/200 |
| Алманах | 50 |
| Стрип | 50/80 |
| Рамка за фотографирање | 1 |
| Беџови | 150 |
| ПВЦ подметачи | 100 |
| Mауспад | 100 |
| Пенкала | 100 |

| Материјал | Количина |
|---|---|
| Магнети | 100/120 |
| Плакети | 3 |

За материјалите за кои е предвиден графички дизајн, готовите дизајни за печат ќе бидат доставени од страна на ЗЗРП „Гласен Текстилец“ – Штип. Доколку е потребно дополнително техничко усогласување на дизајнот со конкретниот производ, истото ќе се координира со лицето задолжено за дизајн.

**Дизајн контакт:** stefan.davchev@glasentekstilec.mk

### Начин на доставување на понудата

Понудите да бидат доставени по електронска пошта на:
**blagojche.dishoski@glasentekstilec.mk**

Понудата задолжително треба да содржи:

- единечна цена со ДДВ за секој артикал;
- вкупна цена со ДДВ за секој артикал;
- вкупна вредност на понудата;
- спецификација на понудениот материјал/производ, каде што е применливо;
- рок за изработка и испорака;
- информација дали понудениот материјал е рециклиран, рециклабилен или биоразградлив, каде што е применливо.

### Временска рамка

**Краен рок за доставување понуди:** 2.09.2026 година.

Сите материјали потребно е да бидат изработени и доставени во ЗЗРП „Гласен Текстилец“ – Штип, во рок кој ќе биде договорен со избраниот понудувач.

### Критериуми за доделување на набавката

- економски најповолна понуда;
- квалитет на понудените производи и материјали;
- усогласеност со бараните спецификации;
- рок за изработка и испорака;

За носител на набавката ќе биде избран понудувачот чија понуда е најсоодветна согласно наведените критериуми.

**Евалуација на понудите**

При евалуацијата ќе се земат предвид понудените цени, квалитетот на материјалите и производите, рокот на испорака и исполнувањето на бараните услови. Евалуацијата ќе ја изврши Комисија формирана од страна на ЗЗРП „Гласен Текстилец“ – Штип.

Доколку вашата понуда биде избрана, ќе бидете дополнително информирани.

За дополнителни информации во врска со понудата, контактирајте: blagojche.dishoski@glasentekstilec.mk

**Благојче Дишоски**

**Раководител на финансии во „Гласен Текстилец“**